# Преглед на активностите на Еко-свест
# за 2009 година

## Активности

Во текот на 2009 година Еко-свест ги спроведе следните проекти во рамки на програмите на организацијата:

- Целогодишна програма за делување во секторот на транспорт, енергетика и регионални активности, подржана од **CEE Bankwatch Network** со буџет од 597 237 денари.
  Програмата е тековна и се обновува секоја година.

- **„ГМО слободна Македонија“**, проект финансиран од Terre Humaine/ Humane Earth Foundation со буџет од 324 096,50 денари за 2009 година.
  Проектот заврши во 2009 година.

- **„Дистрибуција на информации за ГМО“**, проект финансиран од Global Greengrants Fund со буџет од 184 109,50 денари.
  Проектот заврши во 2009 година.

  **„Велосипеди за сите“**, проект финансиран од Глобалниот еколошки фонд, Програмата за мали грантови (UNOPS- UNDP), со буџет од 1.966.086,00 денари.
  Проектот заврши во септември 2009 година.

- **„Инспирирана младина за утрешнината“,** завршни активности, со буџет од 27 024 денари во 2009 година.

## Учество на настани во Македонија и Европа



Членовите на Еко-свест земаа активно учество на следните состаноци и настани во сопствена, и во организација на партнерските организации во Македонија и Европа:

- Годишно собрание на CEE Bankwatch Network во Чешка Република
- Годишна средба на еколошките НВО во Македонија

- Јавни расправи за проектот Демир Капија- Смоквица
- Трибина „ГМО- закани наспроти придобивки“
- Состаноци со општини во Македонија за нивно прогласување за ГМ слободни.

**<u>Коалиции и партнерства</u>**



Во текот на 2009 година, Еко-свест заедно со останати еколошки организации ја формираше коалицијата на НВО:

- Зелено партнерство- коалиција од здруженија активни на полето на животна средина во Македонија.

Во рамките на проектот „Велосипеди за сите“ беше склучен меморандум за соработка со Општина Карпош.

**<u>Членство</u>**

Во 2009 година Еко-свест броеше:

- 9 членови со право на глас, и
- 4 почесни членови и околу 50 поддржувачи.